Г Р А Д С К О П Ј Е

ПРЕДЛАГАЧ: **Градоначалник на Град Скопје**

ИЗГОТВУВАЧ: **Сектор за локален економски развој**

ПРЕТСТАВНИК: **Секретар на Град Скопје**

ПОВЕРЕНИК: **Претставник од Сектор за локален економски развој**

ПРЕДЛОГ–ОДЛУКА

за прогласување на господин Бартломиеј Питала за почесен граѓанин на Град Скопје

Скопје, ноември 2026 година

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36 од Законот на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” број 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 202/24) и член 15 од Статутот на Град Скопје („Службен гласник на Град Скопје бр.16/05, 8/10, 17/11, 18/13, 13/14, 1/15, 12/15, 4/19, 9/21 и 4/22), Советот на Град Скопје на _____ седница, одржана на _____ 2026 година, донесе:

Одлука
за прогласување на господин Бартломиеј Питала
за почесен граѓанин на Град Скопје

Член 1

За почесен граѓанин на Град Скопје се прогласува:

- Господин Бартломиеј Питала - нуркач од експедиција од Република Полска.

Член 2

На господин Бартломиеј Питала да му се додели плакета за почесен граѓанин на Град Скопје.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје“.

Број 27.....
.....2026
Скопје

СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Даме Димитровски

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со член 36 од Законот на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.202/24), утврдена е надлежноста на Советот на Град Скопје.

Согласно член 15 од Статутот на Град Скопје („Службен гласник на Град Скопје бр.16/05, 8/10, 17/11, 18/13, 13/14, 1/15, 12/15, 4/19, 9/21 и 4/22), утврдено е дека граѓани на други држави, особено заслужни за зацврстување на мирот и мирољубивата соработка меѓу народите и државите или се особено заслужни во областа на науката, културата и други области на општествениот живот воопшто, а особено ако со нивната работа придонеле за афирмацијата и развојот на Град Скопје и Република Македонија во целина, можат да бидат прогласени за почесни граѓани на Град Скопје.

Господинот Бартломиеј Питала, нуркач и предводник на истражувачка експедиција од Република Полска за истражување на подводната пештера Врело во Кањонот Матка, се предлага за добивање на признанието „**Почесен граѓанин на Град Скопје**“ за неговиот исклучителен придонес во истражувањето, афирмацијата и меѓународната промоција на природното богатство на Град Скопје и неговата околина, со посебен осврт на подводната пештера Врело во Кањонот Матка.

Бартломиеј Питала даде историско значаен придонес во истражувањето на подводниот свет на подводната неистражена до нејзиното дно пештера Врело, еден од најзначајните природни реткости заштитено подрачје, споменик на природа во непосредната околина на Скопје.

Неговиот подвиг со меѓународен тим спелеонуркачи и поддршка од спелеонуркачкиот клуб „Врело” го впиша името на Скопје во едно од најзначајните поглавја на светската историја на подводните истражувања.

На 17 октомври 2026 година, во рамките на истражувачка експедиција во подводната пештера Врело, господинот Бартломиеј Питала достигна истражена длабочина од 338 метри. Овој резултат претставува нов светски рекорд и значајно достигнување во истражувачкото нуркање со што дополнително се потврдува потенцијалот на подводната пештера Врело, споменик на природа од особен интерес за меѓународната спелеонуркачка заедница.

Како предводник на тим од нуркачи четворочлената експедиција од Полска, експедиција од Италија и Македонија, е првиот и единствен нуркач кој ја освојува оваа длабочина, со што само се потврдува мистичноста и уникатноста на неистражената подводна пештера, ги унапредува сознанијата за подводниот свет на пештерата Врело, но и предизвикува меѓународен интерес за нови можности за понатамошни научни, спелеолошки и истражувачки активности.

Постојат подвизи кои ги надминуваат границите на спортот, науката и човечката издржливост.Истражувачките активности од ваков вид, бараат високо ниво на стручност, физичка и ментална подготвеност и почитување на безбедносните протоколи. Постигнатиот резултат ја нагласува посветеноста на истражувањето на природната реткост чии карактеристики се нецелосно познати и неистражени.
Значењето на овој подвиг не се темели само на достигнатата длабочина но и на отворените можности и продлабочување на хидролошки и други карактеристики на пештерата пред меѓународната јавност.

Овој подвиг има особено интердисциплинарно значење за Град Скопје, бидејќи придонесува за поголема видливост како за туристи од целиот свет така и за спелеонуркачи, но и диверзификација на туристичката понуда со препознавање на Скопје на мапата на дестинации со неоткриен капацитет,непроценливо богатство, како природен локалитет со исклучителна вредност, кои заслужуваат посебно внимание, соодветна заштита и континуирана промоција.

Имајќи го предвид значењето на постигнатиот резултат во подводната пештера Врело во Кањонот Матка, како и придонесот за афирмација на природните вредности на Скопје пред меѓународната јавност и развој на локалниот туризам, Град Скопје го доделува признанието „Почесен граѓанин на Град Скопје“ на Господинот Бартломиеј Питала.

Доделувањето на ова признание ќе претставува израз на благодарност и почит од страна на Град Скопје за неговиот исклучителен истражувачки придонес, како и потврда на определбата на Градот да ги вреднува и афирмира поединците чии достигнувања придонесуваат за неговиот углед, препознатливост и меѓународна промоција.

Согласно горенаведеното се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Одлука за прогласување на господин Бартломиеј Питала за почесен граѓанин на Град Скопје.